Уп. Бр.08-147/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, Република Србија со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 2266, Добановци, Република Србија, преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 05.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствна контрола од страна на Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, Република Србија со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 2266, Добановци, Република Србија над СелфНест д.о.о. Белград-Звездара, Република Србија со регистрирано седиште на Дваесетидеветти ноември 1, Белград, Република Србија, преку купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 31.10.2022 година, а дополнето на 21.11.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, Република Србија со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 2266, Добановци, Република Србија која се однесува на на стекнување на единствна контрола од страна на Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, над СелфНест д.о.о. Белград-Звездара, Република Србија со регистрирано седиште на Дваесетидеветти ноември 1, Белград, Република Србија, преку купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги **НЕЛТ КО. д.о.о.** Добановци припаѓа и работи во рамките на групацијата НЕЛТ. Групацијата НЕЛТ започнал со работа во 1992 година во трговијата. Денес, групацијата е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата Нелт обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни кленти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Република Северна Македонија Групацијата Нелт е присутна преку своите три претпријатија:

-Нелт СТ ДООЕЛ со регистрирано седиште на Илинден 32 бр.20 Скпје, кое е активно во дистрибуција, односно врши дистрибуција на неколку познати трговски марки во Република Северна Македонија, кои главно опфаќаат производи за широка потриошувачка, производи за домашна нега и лична хигиена;

-Нелт Лог ДООЕЛ со регистрирано седиште на Илинден 32 бр.20 Скопје кое е активно во логистика, односно организира интермодален домашен и меѓународен превоз, а обезбедува и шпедиција и царинско посредување и

-Нелт Лајн ДООЕЛ со регистрирано седиште на Илинден 32 бр.20 Скопје кое е активно во транспорт, односно обезбедува патен сообраќај во земјата и во странство.

**СелфНест д.о.о. Белград-Звездара** е примарно активно во развојот на градежни проекти во Србија. СелфНест д.о.о. Белград-Звездара не генерира никакви приходи во Северна Македонија и воопшто не е присутно во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**